Врз основа на член 25 од Статутот на КЈП„Водовод„Кочани Управниот одбор на КЈП„Водовод„Кочани на својата 23 седница одржана на ден 15.11.2019г. донесе

КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"ВОДОВОД" ц.о.
Бр. 02-540/3
15.11 2019 год.
КОЧАНИ

# О Д Л У К А

## За ослободување од камата за заостанат долг

### Член 1

**СЕ ОДОБРУВА** корисниците на услуги на КЈП„Водовод„Кочани, физички и правни лица кои имаат заостанат долг за извршени комунални услуги (тужен и редовен), да го платат без пресметана камата за задоцнето плаќање доколку го платат целосно во предвидениот рок.

Можноста да се плати долгот без пресметана камата од страна на корисниците е со **определено времетраење** и тоа од **ден 20.11.2019 година до ден 20.12.2019 година**.

По истекот на рокот од став 2 на овој член, оваа одлука престанува да се применува.

### Член 2

Одлуката не важи за органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со Закон и институциите кои вршат дејности од јавен интерес утврден со закон , а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија и Општина Кочани, вклучително и Општина Кочани.

### Член 3

Каматата за задоцнето плаќање која ќе произлезе во наредната сметка за комунални услуги, а врз основа на извршената уплата на заостанатиот долг до денот на плаќање, ќе биде финансиски одобрена.

### Член 4

Се задолжува Сметководство, Книговодствена служба, Одделение за наплата пласман и продажба и Одделение за застапување со физички и правни лица за спроведување на оваа одлука.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 20.11.2019 година до ден 20.12.2019 година согласно ст.1 и ст.2 од оваа Одлука.

До

1.Со записник

2.Архива

3.Пом.дир.за екон.и правни работи

4.Рак.на одд.за пласман, продажба и наплата

5.Рак.на одд. за застапување

6.Книговодство

Управен одбор

Претседател

Ратко Христов